РЕШЕНИЕТО Е ПРАВОСИЛНО
ОПШТИНА ГРАДСКО
28.03.2023 год. по овластување
на ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

**ОПШТИНА ГРАДСКО**
ул.„Александар Македонски“ бр.70А Градско
тел: +38943251522
Е-маил: gradsko@gradsko.gov.mk gradsko1@t.mk www.gradsko.gov.mk

Република Северна Македонија
Општина Градско
УП бр.12-16
09.03.2023 година

Градоначалникот на Општина Градско решавајќи по барањето на Општина Градско со седиште на ул.„Александар Македонски“ бр.70А во Градско, поднесено барање под УП бр.12-16 од 28.02.2023 година за добивање на Решение за реконструкција на дел од улица во с.Водоврати во Општина Градско, врз основа на 97 став (7) од Законот за градење („Службен весник на РМ“ бр.130/09, ….,168/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.244/19, 18/20 и 279/20), а во врска со член 88 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на РМ“ бр.124/15), го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА

На барателот Општина Градско решавајќи по барањето на Општина Градско со седиште на ул.„Александар Македонски“ бр.70А во Градско, му се одобрува реконструкција на дел од улица во с.Водоврати во Општина Градско, согласно основен проект со тех.број 01/23-3 година, 2023 година изработен од Друштво за ревизија, надзор и проектирање СТУДИО АРХИВИСИОН ДООЕЛ Скопје со седиште на ул.„Анастас Митрев“ бр.5-2/29 Скопје-Аеродром.

### Образложение

Барателот Општина Градско решавајќи по барањето на Општина Градско со седиште на ул.„Александар Македонски“ бр.70А во Градско, поднесе барање за реконструкција на дел од улица во с.Водоврати во Општина Градско, согласно основен проект со тех.број 01/23-3 година, 2023 година изработен од Друштво за ревизија, надзор и проектирање СТУДИО АРХИВИСИОН ДООЕЛ Скопје со седиште на ул.„Анастас Митрев“ бр.5-2/29 Скопје-Аеродром.

Кон барањето доставена е следната документација:

- Основен проект со тех.број 01/23-3 година, 2023 година изработен од Друштво за ревизија, надзор и проектирање СТУДИО АРХИВИСИОН ДООЕЛ Скопје со седиште на ул.“Анастас Митрев“ бр.5-2/29 во Скопје-Аеродром (документи во pdf и dwg формат),
- Ревизија на основен проект со тех.бр. РЕ-22/23, февруари 2022 година, изработена од Друштво за проектирање, инженеринг, трговија и услуги МГ ПРОЕКТ ДООЕЛ Скопје со седиште на ул.„Никола Парапунов“ бр.27-3/20 Скопје-Карпош,
- Образец за Државен завод за статистика.

Согласности и мислења прибавени согласно Законот за градење:

**ОПШТИНА ГРАДСКО**
ул.„Александар Македонски“ бр.70А Градско
тел: +38943251522
Е-маил: gradsko@gradsko.gov.mk gradsko1@t.mk www.gradsko.gov.mk

- АД за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје – позитивно мислење со бр.15-1049/2 од 01.03.2023 година.
- Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје Кец Велес – позитивно мислење со бр.11-152/1 од 06.03.2023 година

Врз основа на горе изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука:** Против ова Решение незадоволната страна може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението до Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот. Жалбата се таксира со уплата на 250,00 денари на трезорска сметка на НБРМ бр.100000000063095 упл.сметка 840-111-03182 цел на дознака Административни Такси приходна шифра 722 315 00. Таксата по тарифен број 3 од Законот за административни такси ("Сл.весник на РМ"бр. 17/93, ......., 23/16).

**Доставено до барателот:** Општина Градско
ул.„Александар Македонски“ бр.70А, Градско

Изработил:

**Марија Рунтева, м-р.инж.арх.**

Marija Runteva
Digitally signed by Marija Runteva
Date: 2023.03.09 15:18:14 +01'00'

Градоначалник
на Општина Градско

**Киро Нацков**

Kiro Nackov